Согласно член 36 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Сл. весник на Р.С.М. бр.101/2019)
Агенција за национална безбедност
Бул. Илинден Бр.2,
1000 Скопје
Телефон: +389 (0)2 3118 608
Е-маил: contact@anb.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА НАЦИОНАЛНА БЕЗБЕДНОСТ
Бр. 02 - 539/1
25. 01. 2024 год.
СКОПЈЕ

Зарко Милошевски, директор на Агенција за национална безбедност

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
(од 01.01.2023 до 31.12.2023)

1. Радица Маневска, началник на Одделение во Агенција за национална безбедност;
   Анета Доневска Ѓорѓиевски, главен соработник за правни работи во Агенција за национална безбедност;

2. Број на примени барања;
   - Пет

3. Број на позитивно одговорени барања;
   - Едно

4. Број на одбиени и отфрлени барања со наведување на причините за секое одбиено или отфрлено барање;
   - Три

1. Барањето за пристап до информации од јавен карактер од 21.11.2022 година е одбиено во целост од причина што при спроведувањето на тест на штетност е утврдено дека бараната информација е класифицирана информација и со објавување на истата последиците врз интересот кој се заштитува се поголеми од јавниот интерес што би се постигнал со објавување на информацијата.

2. Барањето за пристап до информации од јавен карактер бр.0302-567/1 од 13.06.2023 година е одбиено во целост од причина што при спроведувањето на тест на штетност е утврдено дека актот во кој е содржана бараната информација е документ класифициран со степен на класификација „СТРОГО ДОВЕРЛИВО". Пропратниот акт со кој документот е доставен до надлежната институција на одобрување е исто така класифициран со степен на класификација „СТРОГО ДОВЕРЛИВО". Со оглед на тоа дека бараната информација претставува класифицирана информација, со објавување на истата последиците врз интересот кој се заштитува се поголеми од јавниот интерес што би се постигнал со објавување на информацијата.

3. Барањето за пристап до информации од јавен карактер од 29.08.2023 година е одбиено делумно од причина што по однос на еден дел од бараната информација е доставен одговор од барателот, а по однос на другиот дел од бараната информација, при спроведувањето на тест на штетност е утврдено дека информацијата е содржана во документ класифициран со степен на класификација „ИНТЕРНО". Со оглед на тоа дека бараната информација претставува класифицирана информација, со објавување на истата последиците врз интересот кој се заштитува се поголеми од јавниот интерес што би се постигнал со објавување на информацијата.

5. Број на неодговорени барања;

- Едно

Барањето за пристап до информации од јавен карактер од 27.06.2023 година е препратено до друга институција, имател на информациите, согласно член 18 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, од причина што Агенцијата за национална безбедност не беше имател на бараните информации.

6. Број на вложени жалби против првостепени одлуки (решенија на имателите на информации, со опис на одлуката, како и со наведување на причините за донесената одлука во случај на повторно одбивање на бараната информација);

- Две

1. Барањето за пристап до информации од јавен карактер од 21.11.2022 година е одбиено во целост од причина што при спроведувањето на тест на штетност е утврдено дека бараната информација е класифицирана информација и со објавување на истата последиците врз интересот кој се заштитува се поголеми од јавниот интерес што би се постигнал со објавување на информацијата.

2. Барањето за пристап до информации од јавен карактер бр.0302-567/1 од 13.06.2023 година е одбиено во целост од причина што при спроведувањето на тест на штетност е утврдено дека актот во кој е содржана бараната информација е документ класифициран со степен на класификација „СТРОГО ДОВЕРЛИВО". Пропратниот акт со кој документот е доставен до надлежната институција на одобрување е исто така класифициран со степен на класификација „СТРОГО ДОВЕРЛИВО". Со оглед на тоа дека бараната информација претставува класифицирана информација, со објавување на истата последиците врз интересот кој се заштитува се поголеми од јавниот интерес што би се постигнал со објавување на информацијата.

7. Број на усвоени жалби со одлука на Агенцијата;

- Две

8. Број на преиначени првостепени одлуки по постапување на Агенцијата

- Нема

9. Број на одбиени жалби од Агенцијата и причини за нивно одбивање и
   - Нема

10. Број на отфрлени жалби од Агенцијата и причини за нивно отфрлање.
   - Нема

Скопје, 18.01.2024 година

ДИРЕКТОР
НА АГЕНЦИЈА ЗА НАЦИОНАЛНА БЕЗБЕДНОСТ
Зарко Милошевски

Службени лица:

Радица Маневска

Анета Доневска Ѓорѓиевски